ЈАВНО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
СКОПЈЕ ц.о.
NDËRMARRJA QARKULLUESE PUBLIKE "SHKUP" p.p.
Бр. 04-399/11
11 JUL 2025 год.
СКОПЈЕ SHKUP

Врз основа на член 37-м став 1 од Законот за јавните претпријатија (,,Службен весник на РСМ" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и 275/19) и член 31 од Статутот на Јавното сообраќајно претпријатие СКОПЈЕ, а во врска со член 45 од Законот за административни службеници (,,Службен весник на РСМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18, 275/19 и 14/20), Директорот на Јавното сообраќајно претпријатие СКОПЈЕ ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## За избор на кандидат за вработување

За извршител на работното место КДР0102В03070 Соработник за внатрешна ревизија, Одделение за внатрешна ревизија а во врска со Јавниот оглас број 297/2025 за вработување на административни службеници во Јавното сообраќајно претпријатие Скопје, објавен на ден 21.05.2025 година во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Коха, се избира кандидатот со идентификациски број 0ВВА401 **Анета Стојановска Блажевска**.

**Анета Стојановска Блажевска** ќе биде вработена на работното место **КДР0102В03070 Соработник за внатрешна ревизија, Одделение за внатрешна ревизија**, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Јавното сообраќајно претпријатие Скопје преку Агенцијата за администрација објави Јавен оглас број 297/2025 за вработување на административен службеник во Јавното сообраќајно претпријатие Скопје, а кој оглас е објавен на ден 21.05.2025 година во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Коха, за работното место КДР0102В03070 Соработник за внатрешна ревизија, Одделение за внатрешна ревизија.

Комисијата за селекција на кандидати за вработување формирана со Решение на Агенцијата за администрација број 10-862/5 од 30.05.2025 година, во функција на спроведување на постапката за вработување на административен службеник за извршување на работите од работното место Соработник за внатрешна ревизија, спроведе постапка за селекција за вработување за горенаведеното работно место.

По спроведената постапка за административна селекција, испитот за административен службеник и проверката на веродостојноста на доказите и интервју, Комисијата изготви конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција со Предлог за вработување на кандидати за секое објавено работно место по јавен оглас број 297/2025, врз основа на што Директорот на Јавното сообраќајно претпријатие за работното место КДР0102В03070 Соработник за внатрешна ревизија, Одделение за внатрешна ревизија изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуките на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Јавно сообраќајно претпријатие СКОПЈЕ
Директор

Драги Кушовски

ЈАВНО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ SHKUP p.p. NDËRMARRJA QARKULLUESE PUBLIKE 1

Доставено до:
- Именуваната;
- Агенција за администрација;
- Одделение за управување со човечки ресурси;
- Архива на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје.

Изготвил: Стефан Димовски
Контролирал: Александра Бошковска